# КОНЦЕПТ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАСОКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА



Концептот е подготвен од Работна група за унапредување на наставата по граѓанско образование, составена од претставници од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), универзитетски професори, наставници и претставници од граѓанскиот сектор, со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на документот им припаѓа на авторите и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Активностите за изработка на содржината на публикацијата беа реализирани во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието и Проектот јакнење на мултиетничката соработка во општините на Детската фондација Песталоци.

**Соработници кои учествуваа во развој на содржината на публикацијата:**

Ајше Ајрулаи
Анита Ангеловска
Томислав Гајтаноски
Лорета Георгиева
Ардиана Исахи Палоши
Наташа Јанковска
Илир Мемеди
Горица Мицковска
Ана Мицковска Ралева
Небојша Мојсоски
Димитар Низамовски
Бесник Рамадани
Оливер Станојоски
Хари Стојаноски
Татјана Стојаноска Иванова
Назиктере Сулејмани
Зекирија Хасипи
Митко Чешларов
Жанета Чонтева
Јована Ѓорѓиовска
Биљана Трајковска

## СОДРЖИНА


I. ПРЕДГОВОР 3

II. ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ЗОШТО И КАКО ДА СЕ ИЗУЧУВА? 3

II.1. ШТО Е ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ? 3

II.1.1. ПРИОДИ КОН ИЗУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ 4

II.2. ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ: ЕВРОПСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ТРЕНДОВИ 5

II.3. РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ПРЕКУ СЕОПФАТЕН ПРИСТАП 8

III. СОСТОЈБА 9

III.1. ПРИНЦИПИТЕ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ 9

III.2. ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ДО 2018 ГОДИНА: НАСТАВНИ ПРОГРАМИ, УЧЕБНИЦИ И НАСТАВЕН ПРОЦЕС 11

III.3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АСПЕКТИ ОД ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРОДНИ ПРЕДМЕТИ 13

III.4. ДЕМОКРАТСКА КЛИМА ВО УЧИЛИШТАТА 14

IV. ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ 15

V. НОВ КОНЦЕПТ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ФОРМИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 17

V.1. НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ 18

V.2. ВГРАДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ДРУГИ ПРЕДМЕТИ 19

V.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ 20

V.4. НАСТАВНИ МЕТОДИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ 21

V.4.1. УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРОЕКТИ 21

V.4.2. УЧЕЊЕ ПРЕКУ РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ 22

V.4.3. ДИСКУСИЈА, ДЕБАТА И ИГРАЊЕ УЛОГИ 23

V.5. СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА 24

V.5.1. ФОРМАТИВНО И СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ 25

V.6. УЛОГАТА НА УЧИЛИШНОТО РАКОВОДЕЊЕ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА УЧЕНИЦИТЕ 29

V.7. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА 31

V.8. КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И СТАВОВИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА И ГРАЃАНСТВО 33

VI. ЕВАЛУИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ 34

# I. ПРЕДГОВОР

Предложениот Концепт за граѓанско образование за прв пат во Република Северна Македонија го опишува системскиот приод кон стекнувањето граѓански компетенции и дава насоки за негова реализација во училиштата. Документот се заснова на меѓународните практики за развој на граѓански компетенции и истовремено е во координација со други национални стратешки документи и политики.

Концептот произлегува од Законот за основното образование и Стратегијата за образование (2018-2025) и е во насока на постигнување на целите поврзани со: подобрено ученичко организирање и демократско учество во училиштата, како и развивање на способностите на учениците да учат и решаваат проблеми, да ги почитуваат различностите и да практикуваат и стекнуваат демократски вредности и вештини.

Генералната цел на документот е да помогне во разбирањето на комплексноста на вградувањето на граѓанското образование во системот и прифаќањето дека воспоставувањето и одржувањето на демократска култура е обврска на целото училиште. Во документот се содржани и конкретни насоки за реализација на граѓанското образование, со оглед на потребата некои работи поопширно да се објаснат заедно со концепциските решенија. Конкретно, опфатени се начините на имплементација на граѓанското образование преку: наставните програми по предметот Граѓанско образование и другите наставни предмети; воннаставните активности; начините на училишно раководење; формите на соработка со заедницата; методите на настава и следењето и вреднувањето на постигањата. Формите на имплементација меѓусебно се надоврзуваат и се очекува да се реализираат на кохерентен начин со цел да овозможат постигнување на граѓанските компетенции кај учениците.

# II. ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ЗОШТО И КАКО ДА СЕ ИЗУЧУВА?

## II.1. ШТО Е ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ?

Граѓанското образование според УНЕСКО се дефинира како „*образување на децата, од раното детство, да станат граѓани кои размислуваат јасно и независно и учествуваат во донесувањето одлуки кои се однесуваат на општеството во кое живеат*“ (1998)[1]. Во студијата на Евридика (2017) на Советот на Европа, истиот концепт се дефинира како „*наставна област чија цел е промовирање на хармоничен соживот и заемно корисен развој на поединците и нивните заедници. Во демократските општества, граѓанското образование ги поттикнува учениците да бидат активни, информирани и одговорни граѓани, кои имаат желба и способност да преземат одговорност за нив и нивните заедници на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.*“[2]

Без разлика на различните дефиниции, сите меѓународни организации што работат на образовни политики се согласни дека современите општества се сѐ покомплексни и на граѓаните им се потребни голем опсег на компетенции за да бидат продуктивни во заедницата во која живеат, но и во светот воопшто. Поради тоа, граѓанското образование е сѐ позначајно за успешно функционирање на поединците во општеството и за општеството во целина. Постои генерална согласност дека училиштето е еден од основните системи за пренесување граѓански вредности и ставови, при што учениците не треба само да се подготвуваат за нивна примена во

[1] UNESCO. (1998). *Citizenship Education for the 21st Century*. Paris: UNESCO.

[2] European Commission/EACEA/Eurydice. (2017). *Eurydice Report: Citizenship Education at School in Europe – 2017*, стр.9..

„реалниот живот" кој ќе следува по завршување на школувањето, туку и да ги практикуваат во секојдневното живеење во училиштето и надвор од него. За учениците, училиштето и периодот на школувањето се реалниот живот во кој треба да ги стекнуваат граѓанските вредности, ставови и вештини и да ги применуваат во однесувањето.

Накусо, **целта на граѓанското образование е да ги оспособи и зајакне учениците да бидат одговорни, активни граѓани, кои ефективно ги извршуваат своите улоги во општеството.** Одговорниот и активен однос, тие најпрво треба да го развијат на ниво на одделенската и училишната заедница, а постепено да го пренесат и на локалната, државната и глобалната заедница. Граѓанското образование **вклучува знаења, вештини, но и ставови и вредности кои треба да водат кон граѓанско однесување**. За да бидат одговорни граѓани кои активно ќе работат на подобрување на заедницата, на учениците не им е доволно, на пример, само да ги познаваат човековите права, државните институции и политичките концепти и процеси, туку правата и одговорностите треба и да ги практикуваат во рамки на училиштето и заедницата. Поради тоа, во основата на граѓанското образование се методите на учење преку интеракција, лично искуство и учење низ ангажирање во заедницата. Овие методи се поврзани со учење преку истражување, анализа и вреднување на информациите, со цел развивање на вредности кои не се доживуваат како наметнати, туку произлегуваат од искуството на поединците.[3]

## II.1.1. ПРИОДИ КОН ИЗУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Низ литературата се среќаваат различни поделби на моделите на изучување на граѓанското образование, направени согласно целите и компетенциите што треба да се постигнат, и врз основа на статусот на наставната програма (посебен предмет, изборен предмет, меѓу-предметно изучување, вон-наставна активност и сл.). Во најновиот извештај на Евридика (2017) како најчести **начини на воведување/интеграција на граѓанското образование во образовниот систем** се наведуваат[4]:

(1) **Задолжително меѓу-предметно изучување на граѓанското обраование**. Во системите во кои граѓанското образование е меѓу-предметна тема, статусот и целта на истото е образложено во генералните национални курикулуми, во поглавјата кои не се однесуваат на конкретни предмети. Тоа може да ги вклучува деловите во кои се обработуваат меѓу-предметните вештини, компетенции или теми. Овој приод вообичаено се користи во комбинација со други приоди. Во одредени системи, за оваа трансверзална тема се предвидени и посебни временски рамки, т.е. период во текот на неделата за време на кој истата треба да се обработува/интегрира.

(2) **Задолжителен наставен предмет или задолжителни цели/содржини во рамки на друг задолжителен предмет**. Во најголем дел од европските системи, граѓанското образование вообичаено е интегрирано во други предмети/области на учење. Сепак, доколку се изучува преку посебен предмет, меѓу-предметната интеграција е повторно застапена - вообичаено во предметите од општествените науки и предметите кои се однесуваат на образование за вредности (етика, религија), јазици и литература.

Во извештајот на Евридика (2005)[5] се групираат следните **начини на изучување, според фокусот на учењето**:

(1) **Усвојување на теоретски знаења** (човекови права, демократија, политички и општествени институции), главно фокусирано на развивање на политичка култура помеѓу учениците. Овој пристап генерално се одликува со пасивно пренесување на

[3] Hrvatski Nacionalni Kurikulum. (2016). *Međupredmetne teme. Građanski odgoj I obrazovanje*. Prijedlog, Vejjača 2016.
[4] European Commission/EACEA/Eurydice. (2017). *Eurydice Report: Citizenship Education at School in Europe – 2017.*
[5] European Commission/EACEA/Eurydice. (2005). *Eurydice Report: Citizenship Education at School in Europe*. Brussels: Eurydice.

информации, а постигањата на учениците можат да се измерат преку испити (со тестови или други форми на оценување).

(2) **Развој на учениците како одговорни граѓани**, преку учење на почитување на себеси и другите, мирно разрешување конфликти, развивање на глобална перспектива за општеството, итн. Фокусот е на ставовите и вредностите на учениците, што се компетенции кои се потешко мерливи.

(3) **Промовирање на активното учество на учениците** преку нивно вклучување во општествениот, политичкиот и културниот живот. Ваквиот вид програми имаат за цел да ги развијат компетенциите на учениците за учество во заедницата на конструктивен и критички начин. Учениците треба да експериментираат со примена на демократските принципи во пракса, во и надвор од училницата. Од нив се очекува да го применат она што го научиле низ горенаведените приоди, со цел да ја разберат важноста на активното учество.[6]

Дополнително, наставните програми по различни предмети, во некои држави, содржат делови кои се однесуваат на начините на кои предметните содржини и начини на работа за време на часовите ќе придонесат за развивање на клучните компетенции, вклучително и граѓанските компетенции.[7]

## II.2. ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ: ЕВРОПСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ТРЕНДОВИ

Неодамнешното истражување на Евридика (2017) за Граѓанското образование во Европа покажува дека европските држави придаваат сé поголемо значење на развојот на граѓански компетенции и за таа цел спроведуваат реформи на образовните системи. Потребата произлегува од динамичноста на глобалните појави и неопходноста од развивање на стратегии за разбирање и справување со голем број различни, потенцијално конфликтни информации. Следствено, сите значајни креатори на глобалните образовни политики имаат тенденција да ги операционализираат граѓанските компетенции со цел развивање на соодветни политики за нивно стекнување, следење и мерење.

Конкретно, развојот на социјални и граѓански компетенции и промовирање на еднаквост, општествена кохезија и активно граѓанство преку образованието, претставува една од главните цели на Образование и обука 2020 (Education and Training 2020); референтната рамка на ОЕЦД за образование 2030, рамката на УНЕСКО Образование 2030; како и Европската рамка на клучни компетенции за доживотно учење.

Рамката на **клучни компетенции за доживотно учење, предложена од Европскиот парламент и Европскиот Совет**[8], развиена во 2006 година, во првата верзија на клучните компетенции, го содржеше дуалниот концепт на „социјални и граѓански компетенции“ кој вклучуваше лична и општествена перспектива. Во овој документ, граѓанската компетенција се дефинираше како *„оспособување на поединците за потполно учество во граѓанскиот живот, врз основа на познавањето на општествените и политичките концепти и структури и посветеност на активно и демократско учество“*. Со ревизијата на Рамката во 2018 година, концептот **„граѓанска компетенција**“ ги зема предвид глобалните општествени, економски и еколошки промени, како и развојот на иновативни решенија за проблеми со кои допрва ќе се соочуваме. Одржливиот развој подразбира знаење, вештини и ставови за справување со промена и

---

[6] Eurydice (2005), според Navarro-Medina, Elisa & De-Alba-Fernández, Nicolás. (2015). Citizenship Education in the European Curricula. Procedia - Social and Behavioral Sciences. 197. 45-49. 10.1016/j.sbspro.2015.07.381.
[7] Agjencia E Sigurimit Të Cilësisë Së Arsimit Parauniversitar. (2014). *Programi i lendes se historise ne arsimin baze shkalla e dyte dhe e trete*. Republika E Shqipërisë. Ministria E Arsimit, Sportit Dhe Rinisë.
[8] Council of Europe. (2007). *Key Competences for Lifelong Learning. European Reference Framework*. Recommendation of the European Parliament and of the Council of 18 December 2006 on Key Competences for Lifelong Learning (2006/962/EC).

несигурност, критичко размислување и делување, креативност и способност за проценка и преземање ризици.[9]

Советот на Европа неодамна разви широка „**Рамка на компетенции за демократска култура**“[10]. Компетенциите покриваат вредности, ставови, вештини, знаење и критичко разбирање, поврзани со концептот на граѓанство (Слика 1).

**Слика 1. Компетенции за демократска култура, Совет на Европа (2016)**




Согласно овие компетенции е и иницијативата за **Глобално граѓанско образование** (Global Citizenship Education (GCED)) развиена од страна на УНЕСКО, чија цел е *„зајакнување на учениците од сите возрасти да преземат активни улоги, на локално и на глобално ниво, со цел градење помирни, толерантни, инклузивни и безбедни општества“*.[11] Иницијативата се базира на три подрачја на учење:

1. **Когнитивно**: знаење и вештини на размислување, неопходни за подобро разбирање на светот и неговите комплексности.
2. **Социо-емоционално**: вредности, ставови и социјални вештини кои им овозможуваат на учениците да се развиваат афективно, филозофски и физички, како и да живеат во мир и разбирање со другите.
3. **Бихевиорално**: однесување, практична примена и вклученост.

Активностите на УНЕСКО на ова поле се водат од Агендата за образование 2030, а конкретната цел 4.7. од целите за одржлив развој ги повикува државите до 2030 година да *„обезбедат дека сите ученици имаат знаења и вештини за да го поддржуваат одржливиот развој,*

[9] European Union. (2019). *Key Competences for Lifelong Learning*. European Union.
[10] Barrett, M. D. (2016). Competences for democratic culture: Living together as equals in culturally diverse democratic societies. Council of Europe Publishing.
[11] UNESCO. *Global Citizenship Education (GCED)*. Достапно на: https://en.unesco.org/themes/gced

*вклучително, низ образованието за одржлив развој и одржливи животни стилови, човекови права, родова еднаквост, промовирање на култура на мир и ненасилство, глобално граѓанство и вреднување на културната различност и придонесот на културата кон одржливиот развој.*“[12]

Дополнително, карактеристиките на т.н. „**Глобална компетенција**“, развиена од страна на ОЕЦД, во голем дел се поклопуваат со аспектите кои ги покрива концептот на Глобалното граѓанско образование на УНЕСКО. Конкретно, се смета дека „*глобално компетентните поединци умеат да анализираат локални, глобални и меѓукултурни теми, да разберат и ценат различни перспективи и погледи на свет, успешно и со почитување да соработуваат со другите, и да преземаат одговорни акции кон одржливост и колективна добросостојба*“. Се смета дека училиштата имаат особено значајна улога во развивањето на Глобалната компетенција кај младите преку: нудење можности за критичко анализирање на глобални прашања кои се значајни за светот во целина и за нивните животи. Училиштата можат да ги научат учениците како критички, ефективно и одговорно да ги користат дигиталните информации и платформите на социјалните медиуми; да охрабруваат меѓукултурна сензитивност и почитување така што ќе им овозможуваат на учениците да се вклучуваат во искуства кои подразбираат почитување на различни луѓе, јазици и култури. Училиштата исто така се во можност да ја зајакнат способноста на младите лица да ја разберат својата улога во заедницата и во светот, и да ја подобрат нивната способност да донесуваат одлуки и да преземаат акција.[13]

Сите овие конструкти во својата суштина се многу слични и вклучуваат неколку **клучни концепти**, како што се: однесување кое подразбира **активно учество, одржливи животни стилови**, како и **толеранција и инклузивност**. Ова се карактеристиките што треба да ги поседуваат учениците за да бидат граѓански компетентни. Поради нивната комплексност, не може да се очекува учениците да ги усвојат само за време на часовите по Граѓанско образование, туку нивното стекнување треба да биде вградено во сите училишни политики и практики.

**Пример 1: Европски искуства во развивање на граѓанските компетенции**

Европските држави ги ревидираат нивните наставни програми со политики кои се однесуваат на развојот на општествени, граѓански и интеркултурни компетенции, критичко мислење и медиумска писменост или промовирање на меѓукултурен дијалог. Според извештајот на Евридика (2017), по усвојувањето на Париската декларација, две третини од државите опфатени со испитувањето воведе нови образовни иницијативи во насока на усвојување на наведените компетенции. Тие се однесуваат на промена во содржините кои се изучуваат, оценувањето на учениците, учеството на учениците во активности и надвор од училиштето и професионалниот развој на наставниците.

На пример, реформата во норвешките наставни програми вклучува давање приоритет на следните теми: демократија и граѓанство, одржлив развој, јавно здравје и животни вештини. Во Исланд пак, воспоставени се неколку столбови на наставните програми: демократија и човекови права, еднаквост, одржливост и добросостојба, а долгорочната промена која се очекува да се постигне е – промовирање на промена во училишните практики и образовни исходи, зајакнување на демократските вредности, критичко мислење и етичко образование. Во Австрија постои универзитет кој нуди постдипломска специјалистичка програма по Глобално граѓанско образование, а Центарот за граѓанско образование во училиштата е централна образовна институција и сервис за граѓанско образование кој развива наставни материјали,

[12] UNESCO. *Learning to live together sustainably (SDG4.7): Trends and Progress.* Достапно на: https://en.unesco.org/themes/gced/sdg47progress
[13] OECD. (2018) *PISA. Preparing our Youth for an Inclusive and Sustainable World.* The OECD PISA Global Competence Framework, OECD Directorate for Education and Skills.

спроведува едукација и менторирање на наставници, организира настани за учениците (меѓу кои и Австриските граѓански денови).

Дополнително, со програмите финансирани од ЕУ (најмногу преку Еразмус + програмата) поддржани се активности за развивање на наставни материјали и креативни приоди на настава за промовирање на активно граѓанство и одржливост, како и покренување на меѓукултурна свесност.

Извор: European Commission/EACEA/Eurydice. (2017). *Eurydice Report: Citizenship Education at School in Europe – 2017.*

## II.3. РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ПРЕКУ СЕОПФАТЕН ПРИСТАП

Стекнувањето на граѓански компетенции е најефикасно доколку се базира на сеопфатен пристап. Овој пристап вклучува интегрирање на вредностите и принципите на демократијата и човековите права во сите аспекти на училишниот живот, вклучувајќи ги наставните програми, методите и ресурсите за настава и учење, оценувањето, раководењето, управувањето, структурата и процесот на донесување на одлуки, политиките и кодексите на однесување, односите помеѓу вработените и помеѓу вработените и учениците, воннаставните активности и соработката со заедницата. Сеопфатниот пристап создава училишна атмосфера во која вредностите и принципите на демократијата и човековите права може да бидат истражувани, искусени и разбрани на безбеден и мирен начин.[14]

Иако учењето за демократско граѓанство низ практикување во училиштето не е едноставен процес, истражувањата[15] покажуваат дека е ефективен начин за стекнување граѓански компетенции. Тоа, во суштина, бара реформи на наставните програми, образовните политики, и административните и правните процедури во училиштата. Овој пристап бара целосна и постојана вклученост од страна на училишното раководство, наставниците и родителите/старателите.[16] Воедно, училиштето треба да ги вклучува учениците во сите аспекти од училишниот живот за кои учениците можат да имаат/дадат мислење, и доколку е можно, да им се даде на учениците одговорност за раководење со одредени активности во училиштето. Чувството дека „училиштето им припаѓа на сите“ има потенцијал да ја зголеми мотивацијата за учење.[17]

За да се случат овие промени, потребно е училиштата:

- Да бидат што е можно подемократски, а не само да реализираат настава за демократија.
- Да работат на активно развивање на демократските ставови на учениците и да создаваат можности за нивно применување во училиштето, а не само да ги оспособуваат учениците за нивната идна улога како граѓани.

---

[14] Council of Europe. (2018). *Reference Framework of Competences for Democratic Culture. Volume 3 : Guidance for implementation*. Council of Europe.
[15] Torney-Purta, J. (2000). *Comparative perspectives on political socialization and civic education.*
Finkel., S. (2000). *Civic Education and the Mobilization of Political Participation in Developing Democracies.* Paper prepared for the conference, Political Participation: Building a Research Agenda, Princeton University, October 12-14.
Széger, K. (2012). *Policy Recommendation for the Development of Education for Democratic Citizenship in Elementary and Secondary Schools*, Kurt Lewin Foundation.
Capacci, C. C., & Pozniak, M. (2004). *Creating partnerships, educating children: case studies from Catholic Relief Services.* Catholic Relief Services.
[16] Dürr, K. (2005). *The school: A democratic learning community.* The All-European Study on Pupils' Participation in School. Council of Europe.
[17] Advisory Group on Citizenship. (1998). *Education for Citizenship and the Teaching of Democracy in Schools. Final Report of the Advisory Group on Citizenship*. Qualifications and Curriculum Authority.

- Да развиваат врски со надворешните агенси на социјализација, со цел да создадат средина за учење која ја карактеризира вистинска демократска клима што овозможува директно учество од страна на учениците во секојдневните активности во училиштето.[18]

Придобивки од ваквиот приод имаат[19]:

**Училиштето:**

- ✓ Зајакнато е ученичкото учество и слободата во изразувањето на мислења.
- ✓ Подобрено е лидерството помеѓу учениците.
- ✓ Зајакнато е училиштето како заедница.
- ✓ Подобрено е однесувањето на учениците.
- ✓ Зголемена мотивација и постигања.

**Учениците**:

- ✓ Имаат можности одговорно да се вклучат во донесувањето одлуки.
- ✓ Им помага да ги изразат своите ставови.
- ✓ Ја подобрува самодовербата.
- ✓ Им овозможува да придонесуваат во и надвор од училиштето.
- ✓ Ги развиваат вештините на изразување мислење, водство и тимска работа.
- ✓ Ги подобрува постигањата.
- ✓ Ги подготвува за животот како возрасни лица.

**Пошироката заедница**:

- ✓ Го внесува граѓанското општество во училницата.
- ✓ Помага во преминот од основно кон средно образование и од образованиот процес кон работа.
- ✓ Го поврзува училиштето со локалната заедница.
- ✓ Ги развива вештините на младите луѓе за учество во животот во заедница.
- ✓ Развива млади луѓе кои се заинтересирани и имаат став за значајните прашања во општеството.

# III. СОСТОЈБА

## III.1. ПРИНЦИПИТЕ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ

Основните образовни политики во Република Северна Македонија, преку усвоените документи, ги одразуваат принципите на граѓанско образование, т.е. граѓанските вредности, ставови и однесувања. Конкретно, **Законот за основното образование** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), во членот 5 забранува секаков вид дискриминација. Понатаму, во членот 7, каде се опишани целите на основното образование, вклучени се принципите на: развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки; воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права; и подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество; како и постигнување на националните

[18] Ibid.
[19] Kerr, D. (2017). *Why citizenship education in schools?* The Citizenship Foundation.
European Commission/EACEA/Eurydice. (2005). Eurydice Report: Citizenship Education at School in Europe. Brussels: Eurydice.

стандарди за учениците во основно образование од подрачјето **демократска култура и граѓанство**.

Во делот од законот кој го уредува планирањето на работата на основното училиште (член 49), се предвидува годишната програма на училиштето да вклучува: промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација; професионална ориентација на учениците; меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи; соработка со родителите односно старателите; активности за заштита на животната средина, и други содржини кои имаат потенцијал да ги развијат граѓанските компетенции.

Законот посветува особено внимание на ученичкото организирање и учество (член 68) како форма преку која треба да се поттикне и одржи демократијата во училиштето. Во тој контекст на Ученичкиот парламент му се дадени можности за учество во: подготовката на годишната програма за работа, промоција на ученичкиот активизам, застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, евалуација на работата на училиштето, организирање и учество во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа итн. Дополнително, Законот предвидува и избор на Ученички правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Конечно, законот вклучува заложба за консултирање на учениците за прашањата поврзани со остварувањето на образовниот процес и почитување на нивните мислења.

**Стратегијата за образованието (2018-2025)**, препознавајќи дека поддршката за демократско учество на учениците е недоволна во повеќето училишта, како дел од приоритетите предвидува вклучување на принципите на еднаквост и правичност при развојот на национални стандарди за секој циклус од основното образование, преку посебно внимание на инклузивноста, почитувањето на различностите, правата на децата и демократската култура. Следствено, резултатите од учењето вклучуваат: развиени способности на учениците да учат и решаваат проблеми, да ги почитуваат различностите и мултикултурализмот и да стекнуваат демократски вредности и вештини; како и достапност на квалитетни и актуелни учебници како извор на применливи знаења кои промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности.

**Стандардите и компетенциите за наставници** (БРО и МОН, 2020) вклучуваат професионални вредности, знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во шест подрачја. Помеѓу нив се наоѓаат бројни граѓански компетенции, како на пример: справување со случаи на насилство и дискриминација по било која основа; познавање на карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење, активности за мултикултурализам, интеркултурализам, меѓуетничка интеграција и демократско учество во наставната и воннаставната работа; познавањето на различни начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето.

**Индикаторите за квалитет на работа на училиштата** (ДПИ, 2020) исто така во задоволително ниво ја одразуваат заложбата за демократски училишта, особено преку индикаторите кои се однесуваат на проценка на „Училишна клима и односи во училиштето“, „Еднаквост и правичност“ и „Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница“.

**Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование** (МОН, БРО, 2007), иако е постар документ, во делот кој се однесува на Принципите на основното воспитание и образование, меѓу другите, ги вклучува принципите на: демократичност, недискриминација, активно учество на учениците во животот на училиштето, разбирање на другите и мултикултурност и партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина.

**Концепцијата за воннаставни активности** (БРО, 2020), исто така е усогласена со новиот концепт за граѓанско образование, преку вклучување на акциите во училиштето и заедницата, ученичкото организирање и ученичките иницијативи како дел од воннаставните активности.

**Законот за младинско учество и младински политики** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/20) за првпат гарантира младинско учество во локалните и националните процеси на креирање младински политики преку еднаква можност за вклучување на сите форми на младинско здружување, меѓу кои и училишните заедници. Во членот 5 од законот каде се наведени неговите основни начела, се вклучени: еднаквост, еднакви можности и забрана од дискриминација; независност, плурализам и демократија во сите форми на младинското организирање; унапредување на свеста за значењето на младите и нивната општествена улога; мултикултурализмот, интеркултурализмот и инклузивност во активното учество на младите; меѓуетничка вклученост и поврзаност на младинско организирање и водење на младински јавни политики; како и одговорност и солидарност кај младите.

Може да се заклучи дека во земјата не недостасуваат стратешки документи и законски одредби кои се однесуваат на демократското учество на учениците, поттикнувањето на граѓански вредности и однесувања и развојот на одговорни и активни граѓани. Напротив, клучните политики кои го регулираат формалното образование ги вклучуваат овие принципи како основа на воспитно-образовниот процес.

## III.2. ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ДО 2018 ГОДИНА: НАСТАВНИ ПРОГРАМИ, УЧЕБНИЦИ И НАСТАВЕН ПРОЦЕС

Наставниот предмет граѓанско образование, за прв пат е воведен во 2002 година како задолжителен предмет во наставниот план. Во актуелниот наставени план за деветгодишното основно образование, наставниот предмет Граѓанско образование се изучува во третиот развоен период со статус на задолжителен предмет во VIII и IX одделение со по еден час неделно, односно 36 часа годишно.

Во наставните програми по предметот граѓанско образование од 2008 година[20], дадени се развојни цели за периодот, врз основа на кои се конкретизираат целите и содржините во секое одделение. Најголемиот број цели се однесуваат на запознавање на идејата за човекови права, Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, поврзаноста меѓу човековите права, слободи и одговорности и состојбата и остварувањето на човековите права во нашата држава, значењето на зачленувањето на државата во Европската Унија, карактеристиките на власта, мас-медиумите, решавањето конфликти и меѓународното хуманитарно право.

Во 2016 година, Бирото за развој на образованието иницираше спроведување на студија за анализа на реализацијата на граѓанското образование во основното образование. Студијата се однесуваше на изучувањето на предметот Граѓанско образование во осмо и деветто одделение, според наставна програма усвоена во 2008 година, и учебниците објавени во 2009 и 2010 година. Врз основа на електронска анкета и фокус групи со наставници и ученици се дојде до следните наоди:

- **Наставна програма**. Наставниците имаат главно позитивен став за наставната програма и можноста за постигнување на целите предвидени во програмата, додека само еден од двајца анкетирани ученици сметале дека предметот им помогнал да ги постигнат целите предвидени во програмата.
- **Наставни методи**. Иако наставната програма не ги ограничува наставниците во поглед на користењето на наставни методи, и всушност препорачува користење на разновидни интерактивни методи, според податоците, доминираат традиционалните (монолошки и текстуален метод). Сепак, она што е најзагрижувачко е дека само 57% од учениците одговориле дека можат слободно да ги изразуваат нивните мислења за време на

[20] Биро за развој на образование. (2008). Наставна програма по Граѓанско образование за VIII одделение. Биро за развој на образование. (2008). Наставна програма по Граѓанско образование за IX одделение.

часовите по Граѓанско образование, податок кој самиот по себе укажува дека една од главните цели на предметот не се постигнува.

- **Учебници**. Речиси половина од наставниците сметаат дека во учебниците кои се користат има теми, содржини, поими кои не се соодветни на возраста на учениците или пак се погрешно претставени (т.е. не се во склад со современиот развој на општеството). Дополнително, секој втор ученик е критичен во поглед на улогата која учебникот ја има во учење и разјаснување на содржините и концептите.[21]

Иако ставовите за наставната програма се генерално позитивни, имајќи ги предвид најновите текови во поглед на развојот на граѓанското образование, беше неопходно да се испита колку тие соодветствуваат со современите концепти и каков е нивниот потенцијал за развој на граѓански компетенции. Со таа цел, спроведено е истражување во кое беа анализирани наставните програми за осмо и деветто одделение од 2008 година и учебниците користени за реализација на наставната програма[22], од аспект на нивната усогласеност со поединечните компоненти на граѓанската компетенција развиена во рамки на Клучните компетенции за доживотно учење од Советот на Европа. Истражувањето утврди дека во наставната програма се најмногу застапени цели кои се однесуваат на стекнување знаење (познавање на домашни и меѓународни институции и организации, документи и сл.), додека недоволно е застапена димензијата на вештини, ставови и вредности. Дополнително, ниту една од предвидените цели во наставната програма не се однесува на очекувано однесување од учениците. Ова е особено значајно доколку се има предвид дека целта на граѓанското образование треба да биде севкупен развој на личноста и соодветна спрега помеѓу системот знаења-вештини-вредности-однесувања.[23]

Во поглед на учебниците, анализата покажа дека најголемиот дел на прашањата понудени во нив, можат да се класифицираат под димензијата „знаење“ (конкретно репродукција на одредена информација која се наоѓа во текстот), додека помал дел од прашањата се однесуваат на развивање на одредена вештина. Во поглед на задачите понудени во учебниците, анализата утврди дека тие овозможуваат простор за развој на критичко мислење и испитување на идеи и позиции, и нудат конструктивистички пристап кон учењето.[24]

Сепак, истражувањето укажа на постоење на неусогласеност помеѓу целите од наставните програми и задачите во учебниците. Конкретно, мал дел од целите во програмата се однесуваат на вештини, додека поголемиот дел од задачите во учебниците имаат за цел развој на вештини. Дополнително, додека во програмата се застапени цели кои се однесуваат на ставови и вредности, овие аспекти не се доволно вклучени во учебниците.[25]

Имајќи ги предвид принципите на основното образование според Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование, залагањата за меѓународна споредливост на резултатите од учењето на учениците, како и соодветната меѓународна пракса во изучувањето на граѓанското образование, може да се утврди дека меѓународните искуства не се соодветно

[21] Мицковска Г. , Чешларов, М. & Мицковска Ралева, А. (2016). Реализација на наставата по граѓанско образование во основните училишта: Извештај од испитувањето. Скопје: Македонски центар за граѓанско образование.
[22] Трајкова Костовска, Г., Угриновски, К. & Василевски, К. (2009). Граѓанско образование за 7мо одделение. Скопје: Министерство за образование и наука.
Угриновски, К. & Василевски, К. (2010). Граѓанско образование за 8мо одделение. Скопје: Министерство за образование и наука.
[23] Mickovska Raleva, A. (2016) Civic Education for Democratic Citizens: To What Extent do Civic Education Curricula and Textbooks Establish Foundations for Developing Active Citizens in the Former Yugoslav Republic of Macedonia?, труд презентиран на конференција Politics of Education in Societies in Transition: Interdisciplinary Perspectives, University of Birmingham, Institute of Advanced Studies, July 2017.
[24] Ibid.
[25] Ibid.

одразени во наставните програми по Граѓанско образование од 2008 година и користените учебници. Ова особено се однесува на недоволната застапеност на развивањето на вештини за аргументирано изразување, критичка анализа на информации, градење ставови, и поттикнување на иницијатива и акција во граѓанското општество. Следствено, се појави **потреба за преиспитување и ревидирање на наставните програми по граѓанско образование од 2008 година, од аспект на усогласување со содржините и приодите што се користат во други земји од Европа и светот**.

## III.3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АСПЕКТИ ОД ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРОДНИ ПРЕДМЕТИ

Со цел да се процени меѓу-предметната вклученост на содржини и методи кои поттикнуваат развој на граѓански компетенции во други наставни предмети, Бирото за развој на образованието спроведе анализа на наставните програми од наставниот план на деветгодишното основно образование. Беше испитувана застапеноста на цели, содржини и активности во наставните програми по одделни наставни предмети коишто (дирекно или индирекно) се однесуваат на стекнување знаења, вештини и/или градење ставови и интереси кај учениците поврзани со граѓанското образование.

Анализата ги опфати наставните програми од наставните предмети од општествено-хуманистичките подрачја (општество, историја, запознавање со религиите, класична култура во европската цивилизација, етика во религите) и мајчиниот јазик (македонски/албански/турски/српски/босански јазик), како и програмите по образование за животни вештини што се реализираат на одделенскиот час. Главните наоди од анализата упатуваат на следните заклучоци:

- Темите кои ги опфаќа наставниот предмет **Општество** претставуваат основа за изучување на граѓанското образование, и вклучуваат содржини кои се однесуваат на правата на децата, локалната заедница, општествените групи и улоги итн.
- Наставните програми по **Историја** не содржат цели, содржини, поими и активности кои можат директно да се поврзат со современите концепти на граѓанското образование и постигнување на компетенциите за демократска култура и граѓанство. Програмите вклучуваат наставни содржини кои се делумно осмислени или пак самите наставници треба да ги осмислат за учениците да стекнат знаења и вештини од граѓанското образование.
- Во наставните програми по предметите **Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик** во одредена мера се појавуваат цели, содржини и активности во кои се вградени теми од граѓанското образование. Овие аспекти се појавуват во рамки на програмските подрачја: изразување и творење, литература и лектира, и медиумска култура. Од аспект на стекнувањето граѓански компетенции, овие предмети имаат потенцијал да го поттикнат развојот на вештини на критичко размислување, формулирање мислење и изразување на сопствен став, почитување на мислењето на другиот и сл.
- Во наставниот предмет **Етика** повеќето цели и содржини се во склад со граѓанските компетенции кои учениците треба да ги развијат.
- **Изборните наставни предмети: Запознавање на религиите, Класичната култура на европската цивилизација и Етика на религиите**, имаат цели и содржини кои се во духот на граѓанското образование, се однесуваат на запознавање на другите, почитување на различностите, почитување и соработка со другите, стекнување вештини за толеранција и недискриминација, дијалог, прифаќање и почитување на хуманото однесување, развојот на личноста и човековите вредности.
- Во програмата за **Образование за животни вештини**, речиси сите програмски теми содржат цели и содржини кои треба да го поттикнат развојот на граѓански компетенции.

Дополнително, може да се согледа континуитет, проширување и продлабочување на знаењата, стекнувањето вештини и градењето ставови кај учениците во склад со современите принципи на граѓанско образование.

## III.4. ДЕМОКРАТСКА КЛИМА ВО УЧИЛИШТАТА

Истражувањата на демократските практики во училиштата укажуваат дека демократските принципи, иако начелно се почитуваат, недоволно се практикуваат во училиштата во Република Северна Македонија.[26] На пример, еден од основните демократски принципи-слободното искажување на ставовите е само делумно практикуван. Конкретно, само една третина од учениците сметаат дека често имаат можност да го искажуваат сопственото мислење во врска со работи кои би сакале да се променат во училиштето. Учениците вообичаено се чувствуваат послободни да покренуваат прашања кои ги засегаат за време на класниот час, и на ниво на ученичката заедница, но кога одредено прашање/проблем треба да се покрене на повисоко ниво, тие се соочуваат со недостаток на знаење, вештини, како и формални процедури за постапување.[27]

Во поглед на можностите што учениците ги имаат за учество и влијаење при донесувањето одлуки за работи кои се однесуваат на/ги засегаат нив, околу половина од анкетираните ученици одговориле дека можат често или понекогаш да учествуваат, додека останатите сметаат дека ретко или никогаш немаат таква можност. Сепак, квалитативната анализа укажува на поинаква слика, според која мнозинството од учениците (особено од основните училишта) посочуваат дека ретко имаат можност да учествуваат во процесите на донесување одлуки во училиштето, иако сите би сакале да имаат таква можност. Ситуациите кога учениците се вклучуваат во овие процеси најчесто се однесуваат за помалку значајни одлуки, како на пр. за екскурзии, училишни униформи, (полу)матурски вечери и поретко-изгледот на училницата.[28]

Генерално, верувањето на учениците дека тие можат да поттикнат позитивни промени во заедницата е на ниско ниво. Секој втор ученик смета дека учениците можат да влијаат на иницирање промена во училиштето, додека секој трет смета дека можат да влијаат на промена на ниво на општина. Квалитативните наоди укажуваат дека учениците всушност не знаат како да побараат и иницираат одредена промена и дека им недостасува систематичност и истрајност во барањата.[29]

Охрабрувачки е податокот дека мнозинството од учениците сметаат дека имаат одговорност да се активираат за да ги адресираат потребите во нивната средина, како и дека имаат моќ да направат промена во училиштето. Сепак, загрижувачки е што речиси половина сметаат дека доколку отворено ги искажуваат своите мислења би можеле да имаат проблеми во училиштето. Ова укажува дека иако учениците се свесни за тоа какви би требало да бидат работите, истовремено се попречени од тоа какви се тие во реалноста. Ваквиот судир на ставови покажува дека има голем простор за интервенција во поглед на промовирање на учениците како активни чинители во училиштето и заедницата, преку сензитивизирање на училиштата за процесите на

---

[26] Youth Ethnic Integration project. (2018). Baseline Assessment of Schools involved in Year 1 of Project Implementation (2018). Internal project report (необјавен извештај).
Марковска, Е. С., Нашоковска, М. и Ајановска, Т. Г. (2010). *Анализа на спроведувањето на детските права во Република Македонија (посебен осврт на правото на учество, правото на здружување и правото на образование).* Прилеп: Коалиција на младински организации „СЕГА“.
Марковска, Е. С. и Нашоковска, М. (2014). *Резултати од мониторингот врз спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија за 2013 година.* Прилеп: Коалиција на младински организации „СЕГА“.
[27] Youth Ethnic Integration project. (2018). Baseline Assessment of Schools involved in Year 1 of Project Implementation (2018). Internal project report (необјавен извештај).
[28] Ibid.
[29] Ibid.

ученичко учество и вклучување на учениците во конкретни ученички иницијативи, насочени кон позитивни промени во околината.

Сепак, се покажува дека подолгорочни интервенции кои вклучуваат поддршка на ученичкото учество даваат позитивни резултати во насока на подобрено знаење за детските права и зголемено влијание на ученичката организација во процесите на донесување одлуки.[30]

## IV. ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

За унапредување на наставата по граѓанско образование во основното и средното образование во 2017 година, од страна на стручен тим, се изготви документ за граѓански компетенции. Основата на документот се граѓанските компетенции содржани во стручна литература и меѓународни документи[31], но и состојбите со граѓанското образование во нашите училишта и предизвиците со кои се соочува демократијата во развој во македонското мултиетничко и мултикултурно општество.

Листата на компетенции е развиена врз основа на премисата дека образованието има важна улога во подготвувањето на учениците да живеат како демократски и активни граѓани што ќе придонесуваат за развој на заедницата, и ќе бидат компетентни личности способни да вршат информирани избори за сопствениот развој, или, поконкретно граѓани што а) ќе поседуваат знаења и вештини да учествуваат во граѓанското живеење, б) ќе сакаат да бидат вклучени во граѓанските активности и да ги практикуваат граѓанските права и в) активно ќе бидат вклучени во локалното, државното, меѓународното и дигиталното опкружување. [32]

Во моделот на граѓански компетенции тие се групирани како:

а) знаења и разбирања;
б) вештини (когнитивни и вештини за граѓанско учество);
в) ставови и вредности;
г) граѓанско однесување (граѓански ангажман што вклучува примена на вештините за решавање на јавни проблеми).

Развојната природа на компетенциите е јасно образложена преку нивоата на компетенции што се очекува учениците да ги имаат на крајот на секој образовен циклус во постојната структура на задолжителното образование во Република Северна Македонија: I, II и III циклус на основно образование и крај на средно образование. Сепак, на предложениот попис на компетенции повеќе треба да се гледа како на минимум граѓански компетенции што се очекува учениците да ги стекнат во текот на формалното школување.

Ваквото групирање е со цел да помогне првенствено при изготвувањето на наставните програми и овозможување истите да ги вклучуваат трите димензии на учењето: (а) когнитивна – стекнување знаења, разбирање и критичко мислење за себе си, за другите луѓе, заедниците и нивната

[30] Project "Implementation of Convention on the rights of the child in Macedonia" (2011 – 2019). Comparative students' survey assessments in 2018 and 2019 in (30) schools involved in the project. Internal project report (необјавен извештај).

[31] На пр. Torney-Purta, J., & Lopez, S. V. (2006). *Developing Citizenship Competencies from Kindergarten Through Grade 12: A Background Paper for Policymakers and Educators*. Education Commission of the States (NJ3).
Brammer, L., Dumlao, R., Falk, A., Hollander, E., Knutson, E., Poehnert, J., ... & Werner, V. (2012). *Core competencies in civic engagement [a working paper in the Center For Engaged Democracy's policy papers series]*. The Center for Engaged Democracy Core Competencies Committee. North Andover, MA: Merrimack College.
Council of Europe. (2018). Reference Framework of Competences for Democratic Culture. Volume 3 : Guidance for implementation. Council of Europe.

[32] Torney-Purta, J., & Lopez, S. V. (2006). *Developing Citizenship Competencies from Kindergarten Through Grade 12: A Background Paper for Policymakers and Educators*. Education Commission of the States (NJ3).

поврзаност, (б) социо-емоционална – развивање на чувство на припадност на заедница на луѓе што споделуваат права, одговорности, вредности, емпатија, солидарност и почитување на разликите и в) практична – активно да се делува на локално, национално и глобално ниво во светот во којшто ќе владее мир и ќе се води грижа за неговиот одржлив развој.

Имајќи ги предвид различните документи, а првенствено македонскиот контекст (досегашните наставни програми и проекти за граѓанско образование) и потребата од унапредување на содржините кои се изучуваат, компетенциите се групирани во следните содржински подрачја:

**1. Граѓански идентитет – Претстава за себе како граѓанин**

Свесност за сопствениот идентитет
Препознавање и развој на сопствените особини
Контрола на однесувањето
Изразување на емоциите
Етичност
Планирање на професионалниот и кариерниот развој

**2. Граѓанска поврзаност**

Прифаќање и почитување на различностите
Разгледување различни гледишта
Комуникација
Справување со конфликти
Припадност кон заедницата
Емпатија и хуманост
Мултикултурализам и интегрирано живеење

**3. Граѓанин во граѓанско општество**

Улогата на граѓанинот во општеството
Права и одговорности
Граѓанинот и одржливиот развој
Граѓанинот како иноватор и претприемач
Граѓанинот како потрошувач
Граѓанинот како штедач
Граѓанските организации и групите на застапување
Медиумите во демократското општество
Религијата во општеството
Уметноста, културата, културните институции и културниот идентитет

**4. Граѓанинот и државата**

Власт во функција на граѓаните
Како е организирана власта во Република Северна Македонија
Владеење на правото
Изборите и демократските процеси во општеството
Општествената улога на државната и јавната администрација
Финансирање на државните и јавните институции во Република Северна Македонија

**5. Граѓанинот и светот**

Република Северна Македонија во однос на Европска Унија (ЕУ) и Совет на Европа (СЕ)
Република Северна Македонија дел од Европа
Република Северна Македонија во меѓународните организации

Документот е наменет првенствено да послужи при изготвувањето на плановите и програмите за граѓанско образование, како за наставните предмети така и за воннаставните активности. Покрај тоа, компетенциите може да бидат основа за изготвување на рамка за државни мерења на постигањата во граѓанско образование. Тие може да помогнат и при изготвувањето на учебниците и на прирачници за наставници за развој на граѓанските компетенции, односно при дефинирање на стандарди за учебник по граѓанско образование и дефинирање на индикатори за вреднување на учебници и други дидактички средства за наставниот предмет Граѓанско образование.

Во 2019 година, како дел од имплементацијата на Стратегијата за образованието за 2018-2025 година се изготвија националните стандарди на постигања, кои се дефинирани за осум подрачја: јазична писменост, изучување други јазици, математика, природни науки и технологија, дигитална писменост, личен и социјален развој, **демократска култура и граѓанство**, претприемништво и финансиска писменост, како и уметничко изразување, култура и мултикултура. Стандардите се претставени како описи на компетенциите во даденото подрачје што учениците треба да ги постигнат на крајот од основното образование. Компетенциите опишани во документот за граѓански компетенции претставуваат основа за развој на стандардите на постигања во областа „Демократска култура и граѓанство“. [33] Следствено, тука спаѓаат компетенциите што се однесуваат на знаењата и разбирањето на единката за себе си, за општеството и неговата организација, за економските и политичките концепти, структури и движења, како и на вештините и ставовите што треба да ѝ овозможат да се однесува како одговорен граѓанин/граѓанка и мотивирано и активно да учествува во општествениот и граѓанскиот живот.[34]

## V. НОВ КОНЦЕПТ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ФОРМИ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Имајќи ги предвид застапеноста и изучувањето на граѓанското образование во европските образовни системи, документите донесени од Советот на Европа, како и насоките што ги даваат новите Национални стандарди базирани на компетенциите за доживотно учење, а дефинирани со новиот Закон за основно образование, новиот концепт на граѓанско образование е насочен кон имплементирање на сите позитивни искуства и кон постигнување на стандардите до крајот на основното образование.

Изработените граѓански компетенции претставуваат основа за стандардите во подрачјето Демократска култура и граѓанство, а преку нив - во наставните програми и во воннаставните активности и другите програми на училиштето.

Следствено, новиот концепт ги опфаќа различните начини за граѓанско образование преку:

- задолжителен наставен предмет;
- вградување на цели и содржини во одделни наставни предмети; и
- воннаставни активности.

Развојниот пристап на новиот концепт предвидува компетенциите за демократска култура и граѓанство учениците да ги развиваат уште од првиот образовен циклус, односно од прво до трето одделение, преку интегриран пристап, преку наставните предмети што учениците ги имаат во наставниот план, како и преку воннаставните активности. Истиот начин продолжува и во

[33] Во понатамошниот тек на документот, термините „граѓански компетенции“ и „компетенции за демократска култура и граѓанство“ ќе се користат наизменично.
[34] Биро за развој на образованието. (2020) Национални стандарди за основно образование, работна верзија.

вториот циклус, односно од четврто до шесто одделение, додека во третиот образовен циклус, покрај интегрирањето на теми од граѓанско образование во различни наставни предмети и преку воннаставните активности (различните клубови, акции и училишни организации во рамки на училиштето), учениците изучуваат и посебен задолжителен наставен предмет - Граѓанско образование.

## V.1. НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Како дел од новиот концепт за граѓанско образование изготвени се две нови наставни програми во основното образование по наставниот предмет Граѓанско образование за VIII и IX одделение (кои се применуваат од учебната 2018/2019 година односно учебната 2019/2020 година). Наставните програми по предметот Граѓанско образование ги следат светските и европските приоди во образованието кон развој на компетенциите за функционирање како демократски и активни учесници во граѓанското општество. Тие се изготвени согласно компетенциите за третиот развоен период (VII-IX одделение), со јасно определени резултати од учење, односно што е она за што ќе биде способен ученикот по реализирањето на програмата.

Развојните цели, општите цели, содржините, активностите и резултатите од учење од наставните програми вклучуваат лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за учениците кои ги опфаќаат сите видови на однесување што им обезбедува на поединците да учествуваат во општествениот живот и работа, особено во општествата со различности, кон намалување на конфликтите и решавање на истите.

Предложените активности во наставната програма вклучуваат методи за унапредување на активното учество на учениците во училиштата и процесите на носење одлуки за заедницата, со што учениците се подготвуваат за одговорен живот во демократско граѓанско општество.

Наставната програма за VIII одделение е структурирана така што нуди шест меѓусебно интегрирани теми и истите, согласно принципот на спиралност во изготвувањето на програмата, се развиваат и во IX одделение. Развојност во програмите се гледа во очекуваните резултати кои се поставени „малку над“ постоечкото знаење, со цел да се делува охрабрувачки, мотивирачки и да се зголемува самодовербата кај учениците.

**Наставните теми во наставната програма по граѓанско образование:**

| Наставни теми VIII одделение | Наставни теми IX одделение |
|---|---|
| Тема I: Претстава за себе како граѓанин | Тема I: Граѓански идентитет |
| Тема II: Соработка и поврзаност во граѓанското општество | Тема II: Соработка и поврзаност во граѓанското општество |
| Тема III: Граѓанинот и општеството | Тема III: Граѓанинот во граѓанското општество |
| Тема IV: Религијата, уметноста и медиумите во граѓанското општество | Тема IV: Културата, културниот идентитет, религијата и социјалните медиуми |
| Тема V: Граѓанинот и државата | Тема V: Граѓанинот и државата |
| Тема VI: Граѓанинот и светот | Тема VI: Граѓанинот и Европа |

Значителен дел од целите на наставната програма се однесуваат на развојот на личноста и основните човекови вредности, индивидуалната слобода, интегритетот, достоинството и еднаквите права, јакнење на чувството на праведност, толеранција и одговорност, како и за

подготовка на учениците за одговорен живот во демократско граѓанско општество. За тие да се постигнат, неопходно е да се создадат наставни ситуации што вклучуваат дискусија, поттикнување на критичко размислување, аргументирање и саморефлексија.

Наставниците по граѓанско образование своите планирања и подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите и резултатите од учење по наставни теми и содржини, со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес. Планирањето опфаќа задачи кои треба да се извршат во одредено време за да се постигнат поставените цели и резултати од учење, но и начините за следење и проценка на постигнатите резултати. Појдовната точка за изготвување на планирањето, покрај очекуваните резултати, е рефлексијата за претходните постигања на учениците и ефективноста на применетите наставни пристапи. Врз основа на јасните резултати од учење кои се поставени во наставните програми, наставниците може да изготват и критериуми за оценување на учениците.

Наставната програма предвидува редовно следење и вреднување на постигањата на учениците. За постигнатоста на очекуваните резултати се заклучува со споредба на нивото на напредокот на ученикот со очекуваните резултати, а врз основа на претходно формативно следење и вреднување на учениците. Покрај тоа, се следат и активностите за градењето на свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал, мотивираноста за учење, соработката со другите, ангажманот на учениците во заедницата. За сето тоа учениците добиваат повратни информации и насоки за подобрување на нивната работа и постигања.

Од дидактичките наставни средства и помагала препорачани за реализацијата на наставата по наведените наставни предмети се: учебник за соодветното одделение одобрен од страна на Министерство за образование и наука, други извори на учење во непосредната околина, прирачници за наставници и водичи за ученици изготвени од Бирото за развој на образованието, енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, законски акти, меѓународни документи; интернет содржини, образовни софтвери и дигитални содржини; аудио-визуелни средства и други средства соодветни за предметот.

Наставата по граѓанско образование особено треба да придонесе за ученичко учество во училиштето и заедницата и формирање позитивен став кон активното граѓанство. Учениците треба да бидат охрабрени да изнесуваат идеи за подобрување на климата во училиштето и заедницата, да мапираат проблеми и предизвици кои можат да се решат со активности, иницијативи, волонтерство, да предлагаат ученички и граѓански иницијативи и да ги реализираат. На тој начин ќе придонесуваат за развој на заедницата, ќе ја зајакнуваат самодовербата и ќе станат компетентни да направат позитивна промена во сопствениот живот и во заедницата.

## V.2. ВГРАДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ДРУГИ ПРЕДМЕТИ

Имајќи ја предвид интердисциплинарната природа на граѓанското образование, како област, постои генерална согласност дека граѓанските компетенции треба да бидат вклучени како трансверзална цел[35] во различните наставни предмети. Следствено, севкупниот развој на овие компетенции подразбира нивно вградување во т.н. „традиционални“ предмети. Кога граѓанското образование се третира како меѓу-предметна тема, сите наставници треба да придонесат кон постигнување на целите кои се дефинирани во националните политики.

Стекнувањето на граѓански компетенции може да придонесе во развојот на иновативен и креативен потенцијал на учениците. Успешноста на стекнувањето на граѓанските компетенциите низ различни наставни предмети, при што се има предвид развивањето на вештини, ставови,

[35] Други такви трансверзални компетенции се: дигиталните, претприемничките и метакогнитивните („учењето како да се учи“).

вредности, граѓанско однесување и критичкото разбирање за демократската култура и граѓанството, зависи од тоа колку добро наставниците умеат да планираат и реализираат соодветни активности и да ги приспособуваат на нивните потреби и на потребите на учениците. Во предметите од општествено-хуманистичкото подрачје и јазичното подрачје во рамките на постојните наставни програми, релативно лесно може да се испланираат и реализираат активности за учење на вредностите, ставовите, вештините и знаењата и критичкото разбирање што им се потребни на учениците за да можат да придонесат во заедницата и граѓанското општество во интерес на заедничкото добро. Сепак, и другите предмети даваат можност за постигнување на одредени граѓански компетенции, особено во областа на вештини и вредности.

**Пример 2. Стекнување граѓански компетенции преку наставата по хемија**

При планирањето на еден од часовите на кои ќе се изучува наставната содржина „Фосилни и алтернативни горива“, наставникот предвидува стекнување и развивање на следните граѓански компетенции: вештини за активно слушање, критичка анализа и дискутирање за различни улоги и однесувања кај граѓаните во секојдневниот живот; став дека заштитата и унапредување на животната средина е значајна за добросостојба на граѓаните; и однесување кое вклучува иницирање и вклучување во активности за обезбедување одржлив развој на заедницата. Со цел интегрирање на граѓанските компетенции со знаењата на учениците за предметните содржини, наставникот во дневната подготовка испланирал користење на дискусија, дебата, работа во парови и групи.

Како прва активност, наставникот и учениците дискутираат за квалитетот на воздухот во нивниот град и неговата важност, при што наставникот ги насочува учениците критички да ги да ги анализираат најновите податоци за загадување на воздухот од истражувањата на Европската агенција за животна средина и придонесот на различните фактори во загадувањето, со фокус на горивата.

Во главниот дел од часот се реализира дебата на која два тимови ученици, подготвуваат аргументи и дебатираат за и против користењето на фосилните горива. Трета група ученици учествуваат во активноста како судии, при што треба да го проценуваат квалитетот на аргументите како и однесувањето на учениците-дебатери. По дебатата, учениците разговараат за можни активности за информирање и поттикнување на граѓаните за поодржливо однесување во поглед на употребата на горивата. На крајот на часот, наставникот спроведува евалуативно-рефлексивна активност при што ги насочува учениците да размислуваат за новостекнатите знаења и вештини, текот на дебатата, како и нивното лично мислење за преземање акции на индивидуално ниво за придонесување во подобрувањето на квалитетот на воздухот.

## V.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности, по правило, се реализираат во релаксирана средина и надвор од формалното опкружување, поради што овозможуваат стекнување на компетенции на кои вообичаено не им се посветува доволно внимание за време на редовната настава.[36] Тие се особено пригодни за постигнување на воспитните цели на образованието, кои се однесуваат на формирање на карактерот т.е. усвојувањето вредности, градењето ставови, обликувањето одреден вид позитивно однесување, социјализација, која во себе вклучува развивање чувство на емпатија, демонстрирање разбирање и почитување на сите луѓе.

[36] Keser, F., Akar, H., & Yildirim, A. (2011). *The role of extracurricular activities in active citizenship education.* Journal of curriculum studies, 43(6), 809-837.

Дополнително, воннаставните активности, во кои учениците се вклучуваат според интересите а честопати и посебните способности/таленти, овозможуваат поттикнување на креативноста и критичкото размислување кај учениците, самоорганизирање и избор на содржини за кои се заинтересирани, вклучување во активности за подобрување на животот во училиштето и заедницата, што се важни компетенции за демократско граѓанство. Всушност, компетенциите за демократска култура и граѓанство кои потешко можат да се реализираат преку наставните програми треба да се реализираат преку различни форми во воннаставни активности, вклучително и преку ученичкото организирање во ученички организации.

Согласно Концепцијата за воннаставни активности од Бирото за развој на образованието, во училиштата може да се формираат и клубови за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, односно: мултикултура, комуникациски вештини, разрешување конфликти, почитување на различности, дебатирање, детски/човекови права, со што се создаваат можности за развој на граѓански компетенции. И другите видови воннаставни активности кои содржински не се директно поврзани со граѓанските компетенции со принципите на организација и реализација овозможуваат развој и практикување на таквите компетенции.

Она што е значајно за воннаставните активности е тие да се организираат и водат според принципите на: инклузивност и недискриминација; активно учество на учениците; привлечност за учениците; придонесување кон когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; и кога има можност - поттикнување соработката помеѓу училиштето и пошироката заедница, и меѓуетничката интеграција во образованието.[37]

Пример на воннаставни активности чија основна цел е развивање компетенции за демократска култура и граѓанство се **акциите во училиштето и заедницата,** како и **активностите кои вклучуваат ученичко организирање**. Првите најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку дена. Можат да бидат од општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример, различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Вторите, покрај поттикнувањето демократска партиципација на учениците, преку спроведувањето на **ученички иницијативи** овозможуваат ученичките тела да иницираат различни акции за воведување промени во својата паралелка или во училиштето.[38]

## V.4. НАСТАВНИ МЕТОДИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ

Приодите што се користат во реализирање на наставата и воннаставните активности и атмосферата што се создава преку нивното користење се клучни за развој на граѓанските компетенции. Тие најсоодветно се развиваат преку нивно практикување низ најразлични наставни и воннаставни активности. Оттука, примената на исклучиво традиционални методи на работа, може да биде во спротивност со развојот на граѓански компетенции.

Од друга страна, користењето на современи методи на активна настава и учење, без разлика на наставниот предмет во кој се применуваат, создава многу можности за развој на граѓанските компетенции. Некои од овие методи се опишани подолу.

### V.4.1. УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРОЕКТИ

Во учењето преку проекти учениците може да истражуваат сложени прашања или проблеми од реалниот живот поврзани со содржините од наставната програма со помош на постапки за решавање проблеми и користење различни извори на учење и материјали, со цел да се добие одговор на првично поставените прашања или да се реши проблемот.

[37] Биро за развој на образованието. (2020). Концепција за воннаставни активности.
[38] Ibid.

Овој начин на учење придонесува за стекнување на граѓанските компетенции преку развој на вештини за користење на различни ресурси, собирање, класифицирање и презентирање на податоците, поврзување на знаења од различни области и предмети. Преку проектите се овозможува учениците самостојно или работејќи во парови и групи да дојдат до сознанија за одредена тема и **да изведуваат заклучоци и донесуваат одлуки што се базирани на факти**.

При работата на проекти наставникот ги насочува учениците во изнаоѓањето и користењето ресурси, ја следи работата и по потреба ја насочува и го следи и го проценува напредокот. Сепак, клучен дел на учењето преку проекти е **самостојното истражување**, каде учениците индивидуално или во групи користат материјали и независно од наставникот наоѓаат податоци потребни за да решат даден проблем. Понекогаш истражувањата може да бидат дел од некој поголем проект и да вклучат поголема група на ученици или цела паралелка.

Овој метод на учење и поучување на учениците им овозможува слобода и самостојност во донесувањето на одлуки (за избор на проблемот, начинот на работа, решавањето на несогласувања при работа во група и сл.), што резултира со развиени вештини за донесување одлуки и критичко мислење. За развој на граѓанските компетенции особен потенцијал има фазата на презентирање на сознанијата и решенијата во текот на која учениците практикуваат вештини за аргументирање, преземање иницијативи, и ја развиваат својата компетентност за акција.

Проектите можат да бидат дел од изучување на наставните содржини, но, исто така, можат да претставуваат начин на разработка и преземање акции за теми кои се од голема важност за здравјето, животната средина, заедницата, како и за чувствителни теми, како што се ризичните однесувања, насилството и сл. Пример за интеграција на учењето преку проекти, во рамки на различните предмети е даден подолу.

| **Пример 3. Учење преку проекти во Андора** |
| --- |
| Во Андора, во првите години на средното образование (ученици на возраст од 12 и 13 години), наставната програма за целото училиште е организирана околу два глобални проекти. Првиот проект поставува општествен проблем, а вториот поставува проблем од природните науки. Содржините на сите предмети од пропишаната наставна програма се одбрани на начин што помага во решавањето на овие социјални или природни проблеми. Секој проект се развива неделно, во сесии од два часа на почетокот и три часа на крајот на неделата. Методолошката работа на овие проекти секогаш е во соработка со учениците. Сите проекти се споделуваат со сите класови во училиштето, па дури и со локалната заедница. Секој проект трае четири или пет недели, така што во текот на учебната година има шест социјални глобални проекти и шест природни глобални проекти. Пример за општествен проект е: предизвиците на мултикултурните општества, а пример за глобален проект од природните науки е: влијанието на луѓето врз екосистемите. Компетенциите за демократска култура се интегрирани во секој глобален проект и во методологијата на учење и настава.<br><br>Преземено од: Council of Europe. (2018). Reference Framework of Competences for Democratic Culture. Volume 3: Guidance for implementation. Council of Europe. Достапно на: http://democraticschools.mk/web/wp-content/uploads/2019/06/KNIGA-3-Referentna-ramka-KOMPETENCII-ZA-Demokratska-kultura-za-WEB.pdf |

### V.4.2. УЧЕЊЕ ПРЕКУ РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ

Учењето преку решавање на проблеми е метод на работа кој во својата суштина е сличен на учењето преку проекти, но се разликува по тоа што има построго дефинирана структура: започнува со идентификување и презентирање на проблем, следува дефиниција/формулација на

проблемот, развивање на инвентар на знаење (што знаеме за проблемот/што треба да знаеме), развој на можни решенија, развој на прашања за само-насочено учење и менторирање, споделување на наоди и решенија.

Учењето преку решавање проблеми треба да **резултира со конкретна акција** за надминување на проблемот. Учениците работат во тимови при што истражуваат сложени прашања или проблеми од реалниот живот со цел да преземат акција за надминување на проблем и/или позитивна промена. Како завршен дел од проектот учениците преземаат акции за подобрување на животот и условите во училиштето и својата околина.

Оваа метода може да се примени во сите наставни предмети. Користејќи го овој приод во наставата се подобрува заедничката работа и вештините за комуникација, се поттикнува на креативно размислување, донесување одлуки, решавање проблеми, се учи како да се учи. Се развиваат личните особини: одговорност, самодоверба, самопочитување, социјализација, самоорганизација. Исто така, се развиваат вештини за организација, селекција, способност и мотивираност за акција како важни компетенции за **преземање општествени акции.**

Промената т.е. акцијата треба да придонесе за подобрување на состојбите кои се поврзани со избраната тема. Акцијата може да подразбира уредување на училница, двор, организирање натпревар, средба, изработка на информатор, леток, постер, стрип, драматизација, предлози за процедури, отворање нови проекти или катчиња, спроведување обуки на врсници, помагање во заедницата и различни други продукти и активности кои произлегуваат од темата и идеите на учениците. Сепак, во овој вид на учење, најзначаен е процесот низ кој минуваат учениците, бидејќи конкретните исходи можат да бидат неизвесни и понекогаш тешко остварливи.

### V.4.3. ДИСКУСИЈА, ДЕБАТА И ИГРАЊЕ УЛОГИ

Дискусијата, дебатата и играњето улоги, се методи што овозможуваат да се слушне автентичниот „глас“ на учениците, како и да се развијат нивните вештини за аргументирање на ставови и мислења и креативно изразување. Тие можат да се користат во склоп на проектите и решавањето на проблеми, но исто така и самостојно.

**Дискусијата** како наставна метода се користи за да се разменуваат знаења, идеи, размислувања и ставови во група, при што се учи еден од друг. Вештините што се развиваат преку дискусија како што се: сослушување на другите, агрументирана дискусија, толеранција и прифаќање на различни мислења се дел од граѓанските компетенции и многу потребни вештини за демократско граѓанско учество.

Дискусијата може да се користи како самостојна метода или како дел од учење преку проект или учење преку решавање на проблем, а може да се практикува во многу реални училишни ситуации, а особено во формите на ученичкото учество во решавање на реални проблеми во училницата и училиштето.

**Дебата** е наставна метода во која две групи ученици со спротивни убедувања аргументирано ги бранат своите ставови (или ставовите кои им се зададени да ги бранат) во присуство на слушатели, со однапред определена процедура. При тоа учениците треба да соберат релевантни информации за прашањето што се дебатира, да ги анализираат фактите во прилог или против определен став/гледиште, да умеат убедливо да ги изложат. Вештините за дебатирање се, исто така, важни граѓански компетенции за успешно застапување како членови на различни групи за застапување или при донесување одлуки во формални групи, здруженија каде што се застапуваат различни интереси.

Дебатата може да се реализира самостојно или пак во рамките на учење преку решавање на проблем, после некое автентично истражување каде резултатите од две групи водат кон различни заклучоци како и како дел од воннаставните активности.

**Играњето улоги** е техника за учење во која учениците добиваат или осмислуваат сценарио, прифаќаат определени улоги и стапуваат во интеракција преку своите ликови. Учениците се ставаат во улога на лице со одреден проблем, со определена улога или став и ги проучуваат влијанијата на проблемите, улогите, ставовите врз човековите активности на светот наоколу од перспектива на тоа лице. При тоа, учениците можат самостојно да ја „креираат" улогата согласно сопствените ставови и вредности, или пак да ја дискутираат соодветноста на однесувањето во однапред дадени сценарија и улоги. Ликот може да биде измислен, вистински или од историско минато. По изведената симулација (играњето на ситуацијата) и учениците и набљудувачите разговараат за доживувањата, однесувањата, разрешницата на ситуацијата. Наставникот ја осмислува ситуацијата и има улога на модератор на дискусијата.

Преку играњето улоги во контролирана и безбедна средина се практикуваат вештини потребни во ситуации што (може да) се случат во реалниот живот. Тоа може да бидат вештини за справување со емоции, разрешување конфликти, развивање на емпатија, надминување на предрасуди.

Играњето улоги може успешно да се користи особено во наставните предмети од општествените науки и уметностите, како и во воннаставните активности за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците.

## V.5. СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

Основна цел на оценувањето на учениците и мерењето на постигањата во граѓанското образование е да придонесат за постигање на стандардите за граѓанско образование кои се дефинирани со Националниот стандард за подрачјето VI. Демократска култура и граѓанство. Поконкретно, треба да обезбеди релевантни информации за учењето, однесувањето и подготвеноста на учениците за вклучување во општествениот и граѓанскиот живот што ќе им користат на наставниците, училиштето, локалната заедница и на креаторите на образовните политики во планирањето и реализирањето на граѓанското образование.

Оценувањето и мерењето на постигањата во граѓанско образование е комплексен процес прво, затоа што граѓанските компетенции се комплексни сами по себе, второ, затоа што во училиштето се развиваат во различни наставни и воннаставни ситуации преку: (1) изучување на наставниот предмет Граѓанско образование, (2) изучување на содржини од граѓанско образование во други наставни предмети (првенствено од општественото подрачје), (3) воннаставни активности и (4) учество на учениците во активностите на ученичката заедница; но се развиваат и под силно влијание на вонучилишниот контекст (семејство, врсници, поширока општествена средина).

Ситуациите на презентирање, мерење и оценување на постигањата во граѓанското образование првенствено треба да се гледаат како можност за учење и развој на компетенции за граѓанско и демократско учество. Принципите и начините на оценување се во корелација со целите, принципите и начините на учење граѓанство и развој на демократска култура. При тоа треба да се има предвид дека не се оценува колку ученикот е (подготвен да биде) „добар граѓанин", туку се оценува квалитетот на учењето[39] во граѓанското образование.

[39] На пр. колку успешно ученикот ги користи информациите со кои располага за да го покаже разбирањето на општествените појави и процеси, како ги анализира процесите од областа на граѓанското образование, како ги аргументира сопствените гледишта и со кои аргументи ги брани или негира туѓите гледишта, како

### V.5.1. ФОРМАТИВНО И СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Конструктивистичките теории на учење сугерираат дека ученикот е активен чинител во сопственото учење, од што произлегува дека во оценувањето во граѓанското образование акцент треба да се стави на формативното оценување (оценување што има за цел да го подобри учењето). Формативното оценување го вршат наставниците, а учениците треба да имаат активна улога во тој процес. На учениците треба да им биде јасно какви компетенции се очекува да развиваат, што треба да знаат, умеат и (може) да прават како активни членови на заедницата и општеството. Наставниците ги поттикнуваат учениците да си поставуваат пократкорочни и подолгорочни цели за сопствениот развој како граѓани и да им овозможат да учествуваат во проценување на сопствената работа и напредокот во учењето и постигнувањето на целите. Наставниците треба во процесот на учење на сите ученици да им даваат повратни информации за тоа како напредуваат и врз основа на тоа - со секој ученик да ги определуваат следните активности за учење.

Постигањата во граѓанското образование се оценуваат и сумативно за да се знае што е постигнато на крајот на определен период на учење. Сумативното оценување се однесува на систематско и периодично прибирање информации со цел да се процени во кој степен се постигнати резултати од учењето или се задоволени определени стандарди за постигање. При сумативното оценување во граѓанското образование особено треба да се внимава како ќе се дефинира и интерпретира критериумот за успешност. Ниските оценки во никој случај не смее да се интерпретираат како граѓанска/демократска некомпетентност, неприлагоденост за живот во демократско општество и сл.

**Формативно оценување на постигнати граѓански компетенции на учениците**

Методите на оценување се тесно поврзани со методите на настава и учење. Бидејќи се препорачува во граѓанското образование да се користат методи на активно учење во различни контексти (во училницата, училиштето и вон училиште) и низ учество на учениците во животот во паралелката, училиштето и заедницата, во формативното оценување треба да се користи широк дијапазон на различни методи што ќе овозможат да се оценуваат, како когнитивната (знаење и разбирање), така и афективната (верувања, ставови) и практичната (вештини, учество, однесување) димензија на компетенциите за демократска култура и граѓанство.

Во формативното оценување еден од клучните принципи е вклучување на учениците во оценувањето преку самооценување и заемно оценување. Преку самооценувањето учениците, оценувајќи ги сопствените трудови и одговори, го вреднуваат сопственото знаење, појасно им станува што и како треба да знаат, појасни им се критериумите на успешност и често учествуваат во нивно поставување, проценуваат во кој обем ги исполнуваат поставените критериуми и поставуваат сопствени цели за учење.

Учениците во формативното оценување се вклучуваат во оценувањето на соучениците. Тоа може да се прави преку заедничко утврдување на критериуми за оценување и избор на урнеци, на пр. есеи што ги задоволуваат критериумите, преку заемно оценување на работата кога работат во парови, преку давањето повратни информации за тоа како некои одговори/трудови може да се подобрат. Со вклучување на учениците во оценувањето, особено во заемното оценување, тие се оспособуваат, да бидат објективни, да го аргументираат мислењето, да бидат правични и да внимаваат како оценката ќе ја кажат, а притоа да не го демотивираат и/или повредат соученикот, а со тоа самото оценување претставува можност за стекнување на граѓански компетенции.

---

критички ги анализира случувањата, како планира истражувачки проекти или активности, како извлекува заклучоци од истражувањата, како генерира и образложува идеи за граѓански активности и сл.

Со вклучувањето на учениците во оценувањето, дел од одговорноста за одлучување во процесот на учење се префрла од наставникот на ученикот. На тој начин оценувањето станува поверодостојно, а учениците се учат да станат самокритични граѓани.

За формативното оценување да биде ефективно треба да се користат методи кои овозможуваат да се манифестираат компетенциите во реални ситуации и да се добијат информации за широка лепеза на резултати од учење. Подолу се наведени некои методи и техники на оценување што тоа го овозможуваат, а тие често се поврзани со практични активности на учениците во учењето.[40]

- Оценување ученички проекти и истражувања – Проектите поврзани со развој на граѓански компетенции (на пр. проект за намалување на врсничко насилство) овозможуваат да се оценува оспособеноста за: идентификување општествен проблем; анализа и дискусија за причините и можностите за решавање на проблемот; идентификување на надлежности на институциите; комуникација во различни контексти; соработка; презентирање и аргументирање и др.
- Оценување практични изведби – Решавањето на определен реален проблем честопати подразбира правење на некој практичен продукт, при што е важно да се почитува определен редослед на активноста и да се обезбеди квалитет на продуктот. На пример, да се напишат дописи преку кои учениците ќе ги убедат институциите во заедницата да се ангажираат за решавање на некој проблем важен за учениците. При тоа може да се оценува на пр. успешност во идентификувањето и формулирањето на проблемот, соодветноста на идентификувањето на лицето/институцијата одговорно за негово решавање, соодветноста на видот и формата на дописот, содржината, аргументацијата, усогласеноста на стилот со намената и сл.
- Оценување на однесувањето преку набљудување – Во реалните ситуации на однесување во училницата и училиштето се манифестираат многу од компетенциите за граѓанско и демократско однесување. Оттука структурираното набљудување и водењето анегдотски белешки овозможува наставникот да прибере информации и да процени во кој степен се стекнати одделни компетенции. Преку дискусија за однесувањето на учесниците во одделна ситуација учениците може да се вклучат во оценувањето, а тоа истовремено е можност за учење.

Граѓанското образование вклучува и компетенции за однесување во општествено сензитивни ситуации (на пр. дискриминација, стереотипи и сл.) за чие развивање и оценување може да се изведуваат **симулации** на однесување или **играње улоги** во замислени ситуации. Во набљудувањето на однесувањето на учениците во вакви ситуации може да се оценува разбирањето на определени улоги, релации, емпатија, ставови, вредности и сл. Ваквите активности може да се проследени со рефлексија или со дискусија меѓу соучениците што ќе им помогнат да ги разберат сопствените однесувања и однесувањата на другите.

Набљудувањето на однесувањето во **дискусија** за определено прашање овозможува да се оценуваат знаењата, разбирањето, ставовите, вредностите, способностите за аргументирање, убедување и сл. на поголем број ученици едновремено и во ситуација која е реална или блиска до реална (Пример 4). Во формативното оценување на дискусијата може да се вклучат и учениците преку самооценување и заемно оценување.

---

[40] Методите на поучување и учење се подетално опишани во поглавјето 5.4.

**Пример 4: Оценување преку набљудување на однесувањето во групна дискусија**

На еден од часовите по Граѓанско образование во деветто одделение, наставничката испланирала да ја обработува содржината за личен и групен идентитет преку спроведување на групна дискусија помеѓу учениците на тема „Носењето униформи треба да биде задолжително во сите основни училишта", како и рефлексија и евалуација. Во дневната подготовка, наставничката предвидела развивање и оценување на следните граѓански компетенции на учениците: вештини за критичка анализа на различни влијанија врз формирањето на нечии мислења, однесување, облекување и слично; критички однос кон различни влијанија врз нив како личности; покажување разбирање за интересите на другите луѓе и толерантност кон истите; како и однесување кое одразува толерантност за различни гледишта и умешност за објаснување и бранење на своите ставови.

Наставничката ги информира учениците кои знаења и вештини се очекува тие да ги користат во дискусијата.

Наставничката одлучува кои ученици (најмногу три) фокусирано ќе ги набљудува и сумативно ќе ги оценува. За таа цел претходно има изготвено чек-листа со која ќе ја оценува содржината и формата на искажаните ставови, обрнувајќи особено внимание на тоа колку учениците ги знаат наставните содржини кои се важни за дебатата (на пр. што е личен а што групен индентитет, како истите се формираат, каква е нивната важност во различните возрасни периоди), како ја развиваат својата аргументација преку користење на информации од наставните содржини, каков логички тек имаат аргументите, соодветноста на примерите кои ги користат учениците при објаснувањето на сопствените аргументи, како ги побиваат/негираат аргументите на соучениците, умешноста да се сослуша другиот и да се почитува туѓото мислење. Белешките од чек листата ќе ги спореди со претходно дефинирани објективни критериуми за успешноста на учениците во совладувањето на наставните содржини и предвидените компетенции. Критериумите за успешност треба однапред да им се познати на учениците, а уште подобро ако се изготвени во соработка со нив.

За другите ученици наставничката прави анегдотски белешки што ќе ги искористи при давањето на формативна повратна информација на поединечни ученици.

Во текот на дискусијата, наставничката го следи и изразувањето на вредностите кои ги искажуваат учениците (на пр. индивидуализам наспроти колективизам, либерализам наспроти традиционализам), но истите не ги оценува сумативно. Во поглед на вредностите на учениците и нивната усогласеност со компетенциите кои треба да се развијат со програмата, наставничката може да даде вербална повратна информација на цела паралелка која се однесува на вредностите посакувани во демократско општество, но не треба да ги критикува ставовите и вредностите на учениците доколку тие не се усогласени со посакуваните.

Наставничката на крајот на дискусијата ги вклучува и учениците преку само-оценување (може да ја користат истата чек листа што таа ја користела за фокусирано набљудување на трите ученици) и врсничко оценување, при што нагласува дека нивните лични ставови и вредности не треба да влијаат врз оценувањето на нивните соученици.

- Оценување есеи и усни презентации – Есеите се често користена метода за оценување во граѓанското образование затоа што овозможуваат да се проверат знаењето и разбирањето на концепти, односи, проблеми, оспособеноста за прибирање релевантни информации, аргументирање, дискусија. Слични можности нудат и однапред подготвени усни презентации на определена тема. За нивно оценување потребно е однапред да бидат определени индикатори што ќе им помогнат на учениците да знаат што е важно да покажат дека знаат и умеат.

- Оценување на учењето преку рефлексивни дневници – Рефлексивните дневници или дневниците за учење се водат од страна на ученикот и може да бидат пропратен дел на некоја посложена активност. Во нив, во определени фази на активноста, се бележи учењето (што е научено, што претставувало проблем), размислувањата, ставовите на ученикот. Оваа метода е особено податлива при реализирање на ученички иницијативи, преку кои учениците треба да го поврзат своето искуство во заедницата со резултатите од учењето.
- Оценување на активноста во Заедницата на паралелката и Ученичкиот парламент – Сите ученици се вклучени во работата на заедницата на паралелката, а некои се и во телата на ученичкиот парламент. Тоа создава вистински, реални ситуации за активност во својата заедница. Учениците треба да знаат како активното учество во работата на заедницата на паралелката е поврзано со учењето за демократско граѓанство и дека тоа позитивно се вреднува, иако не е дел од оценката по предметот граѓанско образование.

**Сумативно оценување на постигнати граѓански компетенции на учениците**

Иако повеќето методи на оценување не се користат исклучиво само за формативно или само за сумативно оценување, поголемиот број од погоре наведените методи што се многу употребливи за формативно оценување не се толку соодветни за сумативно оценување, првенствено затоа што се, повеќе или помалку, базирани на субјективни проценки.

Оттука во сумативното оценување, особено она што има значајни реперкусии за учениците, најчесто се користат пообјективни методи кои главно проверуваат знаење и разбирање на граѓанското општество, како и одделни вештини за демократска култура и граѓанско учество. Подолу се наведени некои методи што се најсоодветни за сумативно оценување по предметот граѓанско образование и потенцирани се клучните моменти за кои треба да се води грижа.

- Оценување со есејски прашања – Есејските прашања бараат ученикот да даде кус или опширен одговор во којшто ќе може да покаже факти што ги познава, разбирање на појави и процеси и да изрази ставови и мислења што ќе ги аргументира. Тие овозможуваат оценување на компетенции што бараат повисоки мисловни процеси какви што се анализа, синтеза, вреднување, за што се препорачува во основа на прашањето да биде проблемска ситуација и во прашањето или насоките за ученикот да биде јасно што се бара (на пр. анализа на ситуацијата, дефинирање на проблемот, нудење на решенија со определени карактеристики, аргументација и сл.).
- Оценување со прашања со повеќечлен избор или дополнување – Кај овие типови прашања обично се проверува познавање и поврзување на факти, појави и процеси. Со нив може да се проверуваат и посложени когнитивни процеси ако прашањата се базирани на добро осмислена хипотетичка ситуација (од секојдневниот живот во граѓанското општество).
- Оценување усни презентации – При оценување на усни презентации, задачата треба да биде добро осмислена и структурирана, да бара презентацијата да покаже разбирање на проблемот/прашањето и, доколку тоа е целта, и познавање на соодветни начини на презентирање. Задачата треба да биде проследена на разработено и конкретно упатство за оценување што содржи што и како ќе се оценува и тоа треба да им биде познато на учениците пред да ја добијат задачата, за да може на соодветен начин да го подготват и презентираат одговорот.
- Оценување на репрезентативно портфолио – Репрезентативното портфолио е збирка на најдобри трудови на ученикот. Содржината на репрезентативното портфолио треба однапред да биде дефинирана, на пример да содржи еден есеј, тематски тест, извештај од индивидуален проект. За секој вид труд во репрезентативното портфолио треба да биде

изготвено упатство за оценување, како и да бидат утврдени правила и критериуми за тоа како оценката на секој одделен труд ќе влијае на сумативната оценка. Репрезентативното портфолио обично се користи за оценување на различни постигања во подолг временски период на пр. на тримесечие, полугодие.

## V.6. УЛОГАТА НА УЧИЛИШНОТО РАКОВОДЕЊЕ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Доколку училиштето има за цел да изгради граѓани кои демократски и активно ќе учествуваат во животот на заедницата, тогаш уште во својата средина треба да создаде услови за нивно постепено градење. Следствено, сите погоре наведени форми на имплементација на граѓанското образование треба да бидат составен дел од училишните политики и поддржани од страна на училишното раководство, преку училишните практики. Дополнително, училишното раководство треба да постави примери и да поттикнува конкретно демократско вклучување и делување на сите чинители во училиштето во различните сегменти на функционирање на училиштето, особено во процесот на донесување одлуки.

Ученичкото учество има посебно општествено значење ако се земе предвид дека е најдобар начин учениците да се запознаат со демократските вредности, да ги прифатат и од нив да се раководат во однесувањето.[41] Учениците првенствено треба да се поттикнуваат да учествуваат во донесување одлуки во паралелката и училиштето, а видот на учеството, зависно од проблемот, може да биде на различни нивоа:

1. Учениците се консултирани за мислење кое слободно ќе го изразат, а возрасните ќе го земат предвид при донесување на одлуката;
2. Учениците носат самостојни одлуки и се обврзуваат и да ги спроведуваат сами или заедно со возрасните, или
3. Одлуката се донесува заеднички во процес во кој учествуваат и возрасните и учениците.[42]

Покрај учеството во активности во паралелката и училиштето, постојат многу можности да се промовира и зајакнува учеството на младите во акции надвор од училиштето - на локално, регионално, национално, меѓународно ниво. Во сите нивоа на вклученост на учениците во донесувањето одлуки, возрасните се неопходни, за да им даваат поддршка и помош, но и да се погрижат дека процесот на вклучување на младите ќе биде соодветен. Притоа е многу важно таквите форми да не се сведат на симулација на правата и одговорностите кои допрва треба да се стекнат, туку да им обезбедат на учениците вистинско искуство и одговорности поврзани со нивно соодветно влијание врз донесувањето одлуки за прашања што се од интерес за ученичкиот живот во училиштето и вон него.

Учениците можат да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат или би можеле да бидат од нивен интерес во училиштето. Следната табела нуди примери на ученичко учество во различни контексти.

[41] Членот 12 од Конвенцијата за правата на детето не само што им дава за право, туку и ги обврзува училиштата да ги учат учениците на демократско раководење и владеење на тој начин што ќе обезбедат организирани форми на активно слободно изразување и вклучување на учениците во демократските процеси.
[42] Начините на вклучување се образложени во Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта (Достапен на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Vodic-za-ucenicko-uchestvo-i-organiziranje_MK.pdf).

| | |
|---|---|
| **Учење, настава и оценување** | Учениците треба да имаат можност да учествуваат и во определена мера да влијаат на определување на содржините кои се изучуваат, начинот на кој учат и методите преку кои се оценувани. |
| **Можности за личен развој** | Учениците имаат право да влијаат на различни одлуки важни за нивното живеење во училиштето и заедницата. Прашањата што се покренуваат и активностите што се преземаат може да бидат иницирани од самите ученици или да вклучуваат соработка со наставници, групи во заедницата, институции, граѓански организации и други тела. Преку ангажирање во оваа област, учениците можат да влијаат значително на демократската култура во училиштето. Примери за вакви активности се: волонтерство, натпревари, посети во институции и на гости-говорници, прибирање средства за постигнување одредена цел, јавни настани и слично. |
| **Формални тела за донесување на одлуки** | Учениците се вклучени во работата на одделни формални тела во училиштето во кои се донесуваат одлуки што ги засегаат како што се: Заедница на паралелката; Ученички парламент; Наставнички совет, а на своја иницијатива може да бараат вклучување и во работата на други тела кога решаваат прашања што се важни за нив, како на пр. Советот на родители.<br>Преку овие форми на организирање, учениците можат да учествуваат во:<br>• застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,<br>• промовирање на ученичкиот активизам,<br>• подготовката на годишната програма за работа,<br>• давање предлог активности за годишните програми за екскурзии,<br>• давање предлози за воннаставни активности на училиштето,<br>• давање предлози за подобрување на ученичкиот стандард,<br>• учество во евалуацијата на работата на училиштето,<br>• одлуките кои се донесуваат во советот на родители и наставничкиот совет, преку свои претставници,<br>• организирање и учество во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. |
| **Во корелација со пошироката заедница** | Оваа област покрива прашања од сферата на воспоставување партнерства и соработка со пошироката заедница (родители/старатели, единица на локална самоуправа, бизнис секторот, институциите, и др.), при што училиштето функционира како:<br>• посредник за вклучување на учениците во општествениот живот во локалната заедница и<br>• посредник за вклучување на локалната заедница во училишните активности.<br>Во оваа област на создавање партнерства во локалната заедница, учениците се стимулираат за воспоставување на меѓугенерациски дијалог, преку нивно активно вклучување во општествениот живот. На овој начин ќе се поттикне свеста за значењето на нивниот придонес во заедницата. Иницијативните за воспоставување на соработка можат да произлезат или само од учениците, или во консултација со останатите засегнати страни. |

Учеството на учениците во демократското управување во училиштето е значајно, бидејќи:

1. **Ја подобрува одговорноста на учениците**. Учениците на кои им е дадена доверба да донесуваат одлуки, стануваат поодговорни.
2. **Го подобрува учењето.** Во демократско опкружување, на учениците им се дава поголема слобода да избираат како да учат и, барем до одреден степен, што да учат. Проблемите со недостиг на мотивација и недоволен интерес за учење честопати се надминуваат доколку на ученикот му се дозволи поголема слобода да избере што и како да учи, а кога е возможно и да одбира како да се оцени.
3. **Ја намалува појавата на конфликти.** Демократизацијата на училишното управување создава чувство на заемно почитување и разбирање на различните интереси, што влијае на намалувањето на веројатноста за создавање на конфликтни ситуации.
4. **Го обезбедува идното постоење на одржливи демократии.** Учениците најефективно ќе се стекнат со компетенции за демократско граѓанство доколку тоа е одразено во начинот на функционирање на училиштето. Потребно е на учениците да им се даде можност за суштинско учество и влијание, и на тој начин да ја научат моќта и одговорноста за одлуките во работи што се клучни за нивното учење и нивниот секојдневен живот во училиштето. Доколку учениците стекнат вештини да се залагаат за учество во одлучувањето и научат да практикуваат демократско однесување во училиштето, истото ќе го пренесат и во други ситуации и периоди од животот.

## V.7. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Училиштата треба да бидат демократски средини и активен и влијателен дел од заедницата, а од сите чинители во заедницата, вклучувајќи ги родителите/старателите, јавните и приватните институции, граѓанските организации и бизнис секторот се очекува да го поддржат училиштето.

Соработката со заедницата овозможува креирање на различни видови врски и партнерства меѓу училиштата и сите чинители во заедницата. Партнерствата може да вклучуваат: употреба на училишни или општински објекти и опрема, споделување на ресурси, прибирање на финансиски средства, заедничко преземање на некоја активност или акција, волонтерски активности, менторство и обука од професионалци, размена на информации, градење и одржување на инфраструктура, служба во заедницата и многу други.

Кога училиштата, родителите/старателите, семејствата и заедницата работат заедно за поддршка на процесот на учење, партнерствата резултираат со подобрен квалитет на програмата, поефикасно користење на ресурсите и подобро усогласување на целите и наставните програми.[43] Соработката меѓу училиштата и заедницата може да придонесе да се решат различни општествени проблеми со кои се соочуваат младите.[44]

Формите на соработка во заедницата најчесто вклучуваат:

- **<u>Соработка меѓу училиштето и општината</u>**

Една од формите на соработка меѓу училиштето и заедницата е организација на младински, волонтерски иницијативи. За организација на овие иницијативи потребна е поддршката на локалната заедница (општината). Ваквата поддршка подразбира обезбедување на финансиски средства, простории или институционална поддршка при реализација на активности.

Дополнително, за да им се овозможи на учениците пристап до дополнително образование и да се поттикне демократско учество кај младите, потребно е учениците да се запознаат со

[43] Harvard Family Research Project. (2010). Partnerships for Learning: Promising Practices in Integrating School And Out-of-School Time Program Supports.
[44] Little, P. (2013). School-Community Learning Partnerships: Essential to Expanded Learning Success. *Expanding and Opportunities,* 71.

институциите во својата заедница. Затоа е важно да се воспостави соработка со општината која ќе овозможи редовна посета на поважните институции кои работат во општината.

- **Соработка меѓу училиштето и граѓанските организации**

Граѓанските организации кои работат во локалната заедница може да овозможат различни видови на соработка во зависност од нивниот опсег на работа. Додека некои организации можат да обезбедат обуки, менторство или дополнително неформално образование, други организации можат да обезбедат финансиска или логистичка поддршка при организација на младински акции и иницијативи. Особено значајни се младинските организации кои имаат развиено методологија на работа со деца која ќе им овозможи на учениците да се стекнат со дополнителни знаења надвор од формалното образование.

- **Соработка меѓу училиштето и бизнис заедницата**

Постојат различни форми на соработка и партнерство меѓу училиштата и бизнис заедницата што се од взаемна корист. На пример, бизнис заедницата може да обезбеди директно финансирање, професионален развој, донација на стоки или услуги, работна сила, менторство итн., а училиштето обезбедува иден кадар со соодветни работни навики, иницијативен и подготвен за демократско учество.

- **Соработка меѓу училиштето и родителите/старателите**

Соработката меѓу училиштето и родителите/старателите подразбира креирање на партнерство меѓу наставниот кадар, стручната служба и семејствата на учениците. Ефикасното партнерство се заснова на заемна доверба и почит каде и двете страни ја делат одговорноста за образованието и социјализацијата на младите во училиштето. Со цел да се воспостави ефикасно партнерство меѓу родителите/старателите и училиштето потребно е да се поттикнува автономијата на раководните тела во кои учествуваат родители/старатели и давање можности за вклучување во имплементирањето на младинските иницијативи.

**Пример 5. Кампања „Гласот на младите во Хелсинки“**

Кампањата „Гласот на младите во Хелсинки“ е заеднички проект на Одделението за образование на Хелсинки и Одделението за млади на Градот Хелсинки, чија визија е „*децата и младите да почувствуваат дека Хелсинки е град во кој можат да бидат слушнати и да направат некаква промена во поглед на работите кои ги сметаат за значајни*“. Целта е децата и младите да се развијат во активни членови на општеството и да добијат „глас“ при донесувањето одлуки на општинско ниво.

На ниво на училишта, секое училиште реализира работилници на кои учениците (најпрво по паралелки, а потоа на ниво на Ученички Одбор) разговараат за проблеми и идеи поврзани со училишната средина, гласаат за нив и избираат еден предлог кој треба да го образложат пред Советот на општината и градоначалникот. На пример, 11-годишниот претставник на основното училиштето „Роиховури“ ги застапувало потребите за поставување шкафчиња во училиштето за повозрасните ученици и опрема за игралиштето за помалите ученици, и успеале да добијат средства за овие потреби. Дополнително, учениците добиле и дополнителни средства за одговарање на потребите на училиштето кои се однесуваат на меѓукултурна интеграција, имајќи го предвид мултиетничкиот состав на учениците.

Извор: Expert meeting CE: Collection of school portraits. Europees Platform, Netherlands National Commision for UNESCO, June 2004. Достапно на: https://cutt.ly/Hscpcxy

## V.8. КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И СТАВОВИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА И ГРАЃАНСТВО

Една од должностите на наставникот е да создава демократски практики во училницата при реализација на редовната настава по сите предмети. Тоа значи да создава атмосфера на доверба дека училницата е безбеден простор каде учениците можат да споделат искуства, училницата е место за дискусија и место каде се водат процеси на донесување одлуки, да создава дух на соработка и средина за учење, почитување на учениците и нивно мотивирање, ангажирање и обезбедување настава со ученикот во центарот.[45]

Наставникот е исклучително важен во процесот на учење и практикување демократија. Наставникот треба да има високи демократски вредности, да има слобода, право, автономност и автентичност и да може во соработка со учениците да донесува одлуки значајни за учениците, училиштето и средината.[46] Тој/таа треба да покаже почит кон учениците преку воспоставување тела за донесување одлуки и медијација меѓу врсници, дозволувајќи им на учениците да организираат свои настани и да истражуваат за различни општествени прашања, да дискутираат, да изразуваат мислења, да дебатираат и да предложат стратегии за справување со конфликти. Со своето однесување и говор, наставниците можат да покажат дека сите одговори и различни искуства на учениците се еднакво прифатливи. Присуството на различни мислења и ставови кај учениците е доказ за довербата и слободата на мислата и говорот, со кои започнуваат учењето и развојот. [47]

Наставниците особено внимание треба да посветат во текот на наставата да се почитуваат сите принципи на граѓанското образование, да создаваат демократска клима, учениците да го изнесуваат своето мислење, да градат систем на вредности во духот на соработката, хуманоста, емпатијата, ненасилната комуникација, недискри-минацијата и почитувањето на различностите низ истражувачки активности, проектни работилници, ученички иницијативи и други активни методи на учење.

Во поглед на предметот Граѓанско образование, станува збор за област која е интердисциплинарна и од наставниците се очекува да интегрираат различни области во нивната настава (политички, општествени, економски и културни димензии). Поради тоа, значајно е наставникот да има автономија во поглед на планирање на наставата, со цел истата да ја прилагоди на карактеристиките на учениците. Истовремено, поради природата на граѓанските компетенции кои се состојат од аспекти на: знаење и разбирање, вештини, вредности и ставови, и однесувања; наставните методи е неопходно да ги комбинираат теоретските аспекти со активности или проекти за вклучување во заедницата и развивање на критичко и одговорно граѓанство.[48]

[45] Subba, D. (2014). Democratic values and democratic approach in teaching: A perspective. *American Journal of Educational Research, 2*(12A), 37-40.
[46] MacMath, S. (2008). Implementing a democratic pedagogy in the classroom: Putting Dewey into practice. *Canadian Journal for New Scholars in Education/Revue canadienne des jeunes chercheures et chercheurs en éducation, 1(1).*
[47] Блажева, А. и Чонтева, Ж. (2010). Прирачник за современи и креативни методи и техники на учење. Алгоритам Центар.
[48] Nogueira, F., & Moreira, A. (2012). A framework for civic education teachers' knowledge. *Procedia-Social and Behavioral Sciences, 47,* 1179-1183.

## VI. ЕВАЛУИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ ГРАЃАНСКИ КОМПЕТЕНЦИИ

Постигањата на учениците во граѓанското образование може да се мерат на ниво на училиште или екстерно (мерењето да го спроведува независна институција). Екстерните мерења на постигањата се исто така вид на сумативни оценувања кои, иако не се рефлектираат на секој поединечен ученик, имаат за цел да се измери што е постигнато на ниво на училиште или држава за да се преиспитаат/подобрат програмите, практиките или образовните политики погенерално.

Резултатите од тие мерења не влијаат на успехот и напредувањето на учениците. Резултатите не треба да се прикажуваат за секој поединечен ученик, туку агрегирано на ниво на паралелка, година, по групи и сл. и се користат за подобрување на работата и на програмите. Во таа насока е препорачливо граѓанското образование да биде дел од Државните тестирања/национални оценувања што ги спроведува Државниот испитен центар и да се учествува во меѓународни мерења на постигања во граѓанско образование[49], а сознанијата и искуствата од нив да се користат за подобрување на наставата и оценувањето.

Во мерењата на постигањата на учениците на ниво на училиште или држава, покрај методите што се користат за сумативно оценување, се користат скали на ставови[50] со кои се мери односот кон определени прашања за демократско граѓанство, на пр. ставови кон прифаќање на различностите, општественото ангажирање, корупцијата, прифаќање на демократско/автократско владеење и др. За да се утврдат некои од факторите што се поврзани со постигањата се користат и прашалници за ученици, наставници, родители/старатели, училишното раководство.

Дополнително, податоците и евиденцијата за постигањата на компетенциите за демократска култура и граѓанство ги користи и Државниот просветен инспекторат во евалуацијата на работата на училиштето согласно Индикаторите за интегрална евалуација.

[49] На пример, Меѓународно мерење во граѓанското образование (International Civic and Citizenship Education Study); Испитувањето на т.н. Глобална компетенција (Global Competence) која се мери во рамки на ПИСА испитувањето на ОЕЦД.

[50] Скалите на ставови се низи тврдења во кои се бара, за секое тврдење, да се означи степенот на негово прифаќање (од целосно прифаќање до целосно отфрлање).

